| | |
|---|---|
| | **НОВ ТЕКСТ** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** Првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Материјалот не е од доверлив карактер

**Итност на материјалот :** итен

**Прилог:** 80 примероци од Предлогот

| | | |
|---|---|---|
| **Дата на доставување на материјалот: .11.2010** | | **Министер,**<br>**Никола Тодоров** |

**Изготвил Гордана Ѓошева**

**Контролирал Милка Масникоса**

**Одобрил Стојанчо Стојковски**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# ***М Е М О Р А Н Д У М***

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, ноември 2010 година

**1.Осврт по материјалот:**

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука е уредување на текстот во однос на делот на прекршочните одредби и глобите предвидени за работодавачот и за одговорното лице кај работодавачот бидејќи сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. Исто така за одредени прекрошоци се предвидува постапка за едукација односно за кои неправилности се однесува, кој ја спроведува едукацијата и рокот во кој треба да биде спроведена еукацијата. За ова Министерот ќе пропише акт за начинот и постапката за едукација.

**2.Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):**

Целта на овој закон е да се постигне категоризација на прекршоците и казните за сторените прекршоци, односно да може во зависност од видот и тежината на сторениот прекршокот да се изрече соодветна казна, а не како што е во постојниот закон каде за сите прекршоци е предвидена една казна без одлед на тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. За одредени прекршоци е предвидени едукација со што им се овозможува на лицата или установите односно институциите да се спроведе постапка за едукација пред поведување на прекршочна постапка.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Министерство за финансии
Секретаријатот за законодавство
Министерство за правда

.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Предложената измена ги содржи следните решенија:

Заради подобрување и унапредување на казнената политика во Република Македонија, како и насоките и задолженијата од страна на Владата на Република Македонија за промена на законите и подзаконските акти, а со цел за усогласување, подобрување и унапредување на казнената политика, Министерството за образование и наука пристапи кон проценка на казнената политика во делот на стручното образование и обуката. Главниот проблем е тоа што во постојниот Закон за стручно образование и обука во делот на прекршочните одредби и глобите предвидени за работодавачот и одговорното лице кај работодавачот, сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за степенот на одговорност на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, тежината, видот, штетната последица, околностите под кои е извршен прекршокот, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува општи правила за одмерување и изрекување на видот и висината на санкцијата. Исто така не е предвидена и постапка за едукација на извршителите на прекршоци пред поведување на прекршочната постапка.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

За реализација на предвидените законски решенија со овој предлог не се потребни дополнителни финансиски средства.

**6. Очекувани влијанија:**

Очекувана придобивка е дека ќе се подигне свеста кај сите инволвирани во воспитно-образовниот процес за важноста и значењето на образованието како една од мерките за намалување на сиромаштијата и подобрување на животниот стандрад.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Заради подобрување и унапредување на казнената политика во Република Македонија, како и насоките и задолженијата од страна на Владата на Република Македонија за промена на законите и подзаконските акти, а со цел за усогласување, подобрување и унапредување на казнената политика, Министерството за образование и наука пристапи кон проценка на казнената политика во делот на стручното образование и обуката. Главниот проблем е тоа што во постојниот Закон за стручно образование и обука во делот на прекршочните одредби и глобите предвидени за работодавачот и одговорното лице кај работодавачот, сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за степенот на одговорност на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, тежината, видот, штетната последица, околностите под кои е извршен прекршокот, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува општи правила за одмерување и изрекување на видот и висината на санкцијата. Исто така не е предвидена и постапка за едукација на извршителите на прекршоци пред поведување на прекршочната постапка.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Скопје, ноември 2010 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука е уредување на текстот во однос на делот на прекршочните одредби и глобите предвидени за работодавачот и за одговорното лице кај работодавачот бидејќи сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. Исто така за одредени прекрошоци се предвидува постапка за едукација односно за кои неправилности се однесува, кој ја спроведува едукацијата и рокот во кој треба да биде спроведена еукацијата. За ова Министерот ќе пропише акт за начинот и постапката за едукација.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е да се постигне категоризација на прекршоците и казните за сторените прекршоци, односно да може во зависност од видот и тежината на сторениот прекршокот да се изрече соодветна казна, а не како што е во постојниот закон каде за сите прекршоци е предвидена една казна без одлед на тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. За одредени прекршоци е предвидени едукација со што им се овозможува на лицата или установите односно институциите да се спроведе постапка за едукација пред поведување на прекршочна постапка.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на предвидените законски решенија со овој предлог не се потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Член 1

Во Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 117/08 и 148/09 ) по членот 39 се додава нов член 39-а кој гласи:

„Член 39-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор Државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината утврди дека е сторена неправилност од членот 40 став (1) и став (2) од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или работодавачот кај кого е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат односно овластениот инспектор на општината, кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица или еден или повеќе работодавачи.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку Државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку Државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Државниот просветен инспекторат односно овластениот инспектор на општината, кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.“

Член 2

Членот 40 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 евра до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот ако:

- не склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука (членови 15 и 16),

- не обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот (член 16) и

(2) Глоба во износ од 1.250 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај работодавачот за прекршокот од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 3.000 евра до 3.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот ако :

- врши практична обука за ученици пред донесувањето на решение за исполнетоста во однос на просторот, опремата и соодветен кадар (член 13),
- не обезбеди заштита при работа согласно со закон (член 15, став 2, алинеја 4).

(4) Глоба во износ од 2.000 евра до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај работодавачот за прекршокот од став (3) на овој член.“

Член 3

По членот 40 се додава нов член 40-а кој гласи:

„Член 40-а

Глоба од 1.000 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработениот односно на надворешниот соработник ако не потпише изјава утврдена во членот 33-а став 1 од овој закон.“

Член 4

„Подзаконските акти предвидени во член 39-а од овој закон министерот ќе ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.“

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука

Во членот 1 на овој Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за стручно образование и обука по членот 39 се додава нов член 39-а со кој се утврдува постапката на едукација за извршителите на прекршоци. Во член 2 се менува членот 40 со кој се категоризираат прекршочните одредби и глобите предвидени за работодавачот и одговорното лице кај работодавачот, според тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. Во членот 3 по членот 40 се додава член 40-а со кој се предвидува глоба за вработениот односно на надворешниот соработник ако не потпише изјава утврдена во членот 33-а став 1 од овој закон. Во член 4 се утврдува рокот во кој министерот треба да ги донесе подзаконските акти предвидени во овој Предлог-закон.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за стручно образование и обука се врши изменување на членот 40 и додавање на нови членови 39-а и 40-а, решенијата содржани во членот се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измената и дополнувањето на Законот за стручно образование и обука ќе се изврши категоризацијата на прекршоците и глобите што може да се изречат за прекршоците предвидени во законот, како и постапката на едукација за извршителите на прекршоци.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 39**

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството.

**Член 40**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај работодавачот, ако:
- отпочне да врши практична обука за ученици пред донесувањето на решение за исполнетоста во однос на просторот, опремата и соодветен кадар (член 13),
- не склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука (членови 15 и 16),
- не обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот (член 16) и
- не обезбеди заштита при работа согласно со закон (член 16).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработениот односно на надворешниот соработник ако не потпише изјава утврдена во членот 33-а став 1 од овој закон.“